Бр./Nr 12-2171/4
08-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција доставена од познати подносители, на 45-та седница, одржана на ден 29 Декември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-5229/1 од 15.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група познати подносители – -------------- со која се укажува на сомневања за злоупотреба на финансиски средства, во периодот 2013-2015 година, од страна на одговорните лица - лицата членови на ---------------------, лицето ---------------- и други, преку фиктивна набавка ---------------------------------- во Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Со оглед на констатацијата дека на предметниот случај постапува друг надлежен орган во РСМ – Управата за финансиска полиција, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5229 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5229/1 од 15.11.2019 година.

Предметот со број 12-5229 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителите на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-5229 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-5229/1 од 15.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пошта, од познати подносители – --------------------------, а со која се укажува на сомневања за злоупотреба на финансиски средства, во периодот 2013-2015 година, од страна на одговорните лица на --------------------, - лицата членови на ---------------, лицето -------------------- и други, преку фиктивна набавка на -------------------- во Република Северна Македонија.

Според пријавителите злоупотребите се вршени на начин што финансиските средства ---------------------- биле/се уплатени на правното лице ----------------------, заради набавка на ------------------------- биле вратени од добавувачот на сметка на ----------------------- и потоа противправно присвоени од ----------------. Како што наведуваат пријавителите ваквите злоупотреби се овозможени со внесување на посебна клаузула во договорите за набавки според која --------------------------------------. Вратените финансиски средства за помалку нарачаните производи сторителите на злоупотребите, според содржината на пријавата, ----------------------------------------------------------.

Видно од пријавата, истата електронски - со истата електронска пошта, е пратена до повеќе приматели меѓу кои и до електронски адреси во Јавното обвинителство на РСМ и Управата за финансиска полиција.

Оттаму, при постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата земајќи ги во предвид наводите на подносителите и заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барања за податоци, информации и документација од Јавното обвинителство на РСМ и од Управата за финансиска полиција при Министерството за финансии на РСМ од аспект на прашањата за тоа дали по однос на овој пријавен случај има нивно надлежно постапување како и дали постапувањето по наводите од пријавата и против посочените лица има завршница.

По повод барањето за информации доставено до Управата за финансиска полиција, до Државната комисија е доставен одговор од кој произлегува констатацијата дека овој орган постапува на предметниот пријавен случај согласно со член 12 и член 13 од Законот за финансиска полиција, односно од УФП се врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност, како и фаќање и пријавување на сторителите, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да се користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно со закон.

Врз основа на наведеното, со оглед на тоа што предметниот случај тековно веќе се работи од друг надлежен орган - Управата за финансиска полиција, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под бр. 12- -----------/__**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил : Г.Т , Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител